СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота 3 мај 1980
Скопје
Број 16 Год. XXXVI

Претплатата за 1980 година изнесува 650 динари. Овој број чини 10 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

123.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАГРАДАТА „25 МАЈ“

Се прогласува Законот за наградата „25 Мај“, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година.

Број 08-1122
24 април 1980 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Љупчо Арсов, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

ЗАКОН
ЗА НАГРАДАТА „25 МАЈ“

Член 1

Наградата „25 Мај“ (Награда) е високо општествено признание за особено значајни постигања во областа на физичката култура од интерес за Социјалистичка Република Македонија.

Член 2

Наградата се установува за врвни достигања во физичката култура, како и за поттикнување и стимулирање на поединци, спортски екипи, организации за физичка култура, самоуправни организации и заедници, општествено-политички и други општествени организации за унапредување и развој на физичката култура, со што се придонесува за издигање и формирање на сестрана, слободна, творечка и за работа и одбрана на земјата способна личност, за јакнење на братството и единството на нашите народи и народности, подигање нивото на врвното спортско творештво и унапредување на меѓународната соработка во областа на физичката култура.

Член 3

Наградата се доделува:

— на поединец или спортска екипа за постигнати врвни резултати во областа на физичката култура;

— на поединец за долгогодишна активност и значајни остварувања кои претставуваат придонес во развојот на физичката култура;

— на организации за физичка култура, самоуправни организации и заедници, општествено-политички и други општествени организации за долгогодишни особено значајни резултати во развојот на физичката култура и

— на поединец или група автори за научни и стручно-теоретски трудови од особено значење за унапредувањето на дејноста на физичката култура.

Член 4

Со доделувањето на Наградата јавно се истакнуваат постигнатите резултати во областа на физичката култура, кои биле основ за нејзиното доделување, како и придонесот на поединците, спортските екипи, организациите и заедниците — добитници на Наградата.

Член 5

Наградата се доделува секоја година.

Наградата на добитниците им се доделува и врачува по повод 25 Мај, Денот на младоста.

Член 6

Наградата ја доделува Одборот за доделување на Наградата (Одбор).

Одборот го сочинуваат 11 членови.

Членовите на Одборот ги именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на активните членови и општествените работници во организациите за физичка култура и други општествени работници.

Мандатот на Одборот трае две години.

Членовите на Одборот од своите редови избираат претседавач со мандат од една година.

Член 7

Работата на Одборот е јавна.

Член 8

Иницијатива за доделување на Наградата можат да дадат организации за физичка култура и други самоуправни организации и заедници, општествено-политички и општествени организации, здруженија на граѓани и граѓани најдоцна до 31. јануари за постигања во претходната година.

Член 9

За следење и увид во остварените врвни резултати и постигања во областа на физичката култура Одборот формира комисии.

Комисиите, врз основа на иницијативите од член 8 на овој закон, изготвуваат предлог за доделување на Наградата.

Член 10

Одборот одлучува за доделување на Наградата врз основа на предлог од комисиите.

По исклучок, Одборот може да одлучи за доделување на Наградата и без предлог на комисија.

Ако за доделувањето на Наградата не била покрената иницијатива, Одборот може да додели Награда по претходно прибавено мислење од комисија.

Член 11

Одлуката на Одборот, со образложение за доделените награди, се објавува во печатот и преку другите средства за јавно информирање.

Член 12

На добитниците на Наградата им се доделува диплома и паричен износ.

Паричниот износ од став 1 на овој член го утврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 13

Средства за Наградата обезбедува Републиката.

Средства за Наградата можат да даваат и организациите на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници и граѓани во вид на подароци или завештанија.

Средствата за Наградата се водат на посебна сметка кај банката и можат да се користат и по истекот на буџетската година.

Член 14

Одборот донесува правилник за работа, со кој поблиску се определуваат: постапката за доделување на Наградата, работата на Одборот, составот и работата на комисиите, начинот на предавање на Наградата, обликот и содржината на дипломата, како и други прашања во врска со доделувањето на Наградата.

Правилникот од претходниот став го потврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 15

Стручните работи на Одборот ги врши републичкиот орган на управата надлежен за работите на физичката култура.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

124.

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ" број 25/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА СЛОЖЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД МУЗЕИ НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Сложената организација на здружениот труд Музеи на Македонија, поради истек на времето за кое се именувани:

— Тихомир Велковски,
— Борис Вишински и
— Мусли Кемал.

За претставници на општествената заедница во Советот на Сложената организација на здружениот труд Музеи на Македонија се именуваат:

— д-р Христо Меловски, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје,

— Миодраг Стојчевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ и

— Хранислав Михајловски, секретар на Претседателството на Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ — Карпош.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1048
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

125.

Врз основа на член 50 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ" број 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА БОЛНИЦАТА ЗА НЕРВНИ И ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ ВО БАРДОВЦИ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Болницата за нервни и душевни болести во Бардовци поради истек на времето за кое се именувани:

— Благоја Витановски,
— д-р Димитар Кикерков,
— Јовица Поповски,
— Владимир Ефремов,
— Ласте Димитриевски,
— Омер Акиф и
— Никола Велковски.

За претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за нервни и душевни болести во Бардовци се именуваат:

— Пиргози Фикрет, претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на општина Гостивар,

— Зоран Стојановски, член на Извршниот совет и секретар на општествени дејности на Собранието на општина Карпош — Скопје,

— д-р Атанас Малинов, вработен во Здравствениот дом на железничарите во Скопје,

— д-р Александра Гогова, вработена во Здравствениот дом во Скопје,

— Борче Трајковски, вработен во Сојузот на синдикатите на Македонија,

— Величко Андонов, директор на сектор во Памучната индустрија „Македонка" — Штип и

— Владо Георгиевски, психолог во Металскиот завод „Тито" во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1047
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

126.

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ" број 25/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Археолошкиот музеј на Македонија, поради истек на времето за кое се именувани:

— Мицко Мицев,
— Борче Атанасовски и
— Коста Кепески.

За претставници на општествената заедница во Советот на Археолошкиот музеј на Македонија се именуваат:

м-р Вера Битракова — Грозданова, предавач на Филозофскиот факултет во Скопје,

м-р Томе Јанакиевски, археолот на работа во Заводот за заштита на спомениците на културата и Музејот во Битола и

Јашар Мустафа, претседател на СИЗ за култура на општината Чаир во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1049
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

127.

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ број 25/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЕТНОЛОШКИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Етнолошкиот музеј на Македонија поради истек на времето за кое се именувани:

— м-р Киро Таневски,

— д-р Александар Стојановски и

— д-р Јован Трифуновски.

За претставници на општествената заедница во Советот на Етнолошкиот музеј на Македонија се именуваат:

— м-р Воислав Јаќоски, научен работник во Институтот за фолклор во Скопје,

— Абдулкак Салих, виш кустос во Заводот за заштита на спомениците на културата и Народниот музеј во Охрид и

— Стојче Дојчиновски, советник во Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1050
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

128.

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ број 25/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПРИРОДОНАУЧНИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Природонаучниот музеј на Македонија, поради истек на времето за кое се именувани:

— Улкер Селими,

— м-р Биљана Кароман и

— д-р Иван Чадо.

За претставници на општествената заедница во Советот на Природонаучниот музеј на Македонија се именуваат:

— Марија Ачкова, редовен наставник на Педагошката академија „Климент Охридски“ — Скопје,

— инж. Михаил Христовски, вработен во Управата за паркови и ловишта — Скопје и

— д-р Кирил Чавдар, судија на Врховниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1052
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

129.

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ број 25/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор; одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ИСТОРИСКИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Историскиот музеј на Македонија, поради истек на времето за кое се именувани:

— Васко Караџа,

— Јанко Тодоровски и

— Иван Тошевски.

За претставници на општествената заедница во Советот на Историскиот музеј на Македонија се именуваат:

Ванчо Чучевски, самостоен советник во Собранието на СР Македонија,

Ташко Теодосиевски, секретар на Комисијата за статутарни прашања на СКМ и

Драган Кузмановски, директор на Гимназијата „Раде Јовчевски — Корчагин“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1051
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

130.

Врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО БИТОЛА

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Техничкиот факултет во Битола, поради истек на времето за кое се именувани:

— Јани Бојчевски,
— Трајан Пецалевски и
— Димитри Секуловски.

За претставници на општествената заедница во Советот на Техничкиот факултет во Битола се именуваат:

— инж. Благоја Василевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија,
— Нове Јоновски, претседател на Советот на Сојузот на синдикатите на општина Битола и
— Ванчо Михајловски, претседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на општина Кичево.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1043
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

131.

Врз основа на член 8 став 3 од Општествениот договор за изработка и финансирање на второто издание на Енциклопедијата на Југославија („Службен лист на СФРЈ“ број 8/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК И НЕГОВ ЗАМЕНИК ВО СОВЕТОТ ЗА ЕНЦИКЛОПЕДИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Во Советот за Енциклопедијата на Југославија се именуваат:

за претставник

Анатоли Дамјановски, член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и републички секретар за наука и образование,

за негов заменик

д-р Владо Картов, претседател на Одборот за образование, наука и култура на Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1041
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

132.

Врз основа на член 3 од Законот за наградата „Мито Хаџивасилев Јасмин“ („Службен весник на СРМ“ број 32/68 и 31/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН“

Се разрешуваат претседателот и членот на Одборот за доделување на наградата „Мито Хаџивасилев Јасмин“, поради заминување на нова должност:

— претседателот Душко Поповски и
— членот Ружа Бак.

За претседател и член на Одборот за доделување на наградата „Мито Хаџивасилев Јасмин“ се именуваат:

— за претседател

Ружа Бак, главен уредник на „Просветена жена“ и

— за член

Драги Милошевски, помошник на главниот уредник на македонското издание на „Комунист“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1042
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

133.

Врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на Шумарскиот факултет во Скопје, поради презафатеност на работното место Љупчо Шкартов.

За претставник на општествената заедница во Советот на Шумарскиот факултет во Скопје се именува:

инж. Васко Мукаетов, вработен во ФЕНИ — Кавадарци.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1044
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

134.

Врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА ЛОЗАРСТВО И ВИНАРСТВО ВО СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за лозарство и винарство во Скопје се именуваат:

— инж. Павле Тодоровски, вработен во Агрокомбинатот „Тиквеш", ООЗТ Винарство — Кавадарци,

— инж. Јово Гелебешев вработен во Работната заедница на Деловната заедница „Македонија вино" — Скопје и

— Момчило Стојанов, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1046
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

135.

Врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТСТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, поради истек на времето за кое е именуван:

Јордан Радевски.

За претставник на општествената заедница во Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје се именува:

Пандорка Стоилова, секретар на Општествено-политичкиот собор на Собранието на општина Гази Баба — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1045
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

136.

Врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО БИТОЛА

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Правниот факултет во Битола, поради истек на времето за кое се именувани:

— Душан Шурбановски,

— Драган Ристевски и

— Благоја Стојановски.

За претставници на општествената заедница во Советот на Правниот факултет во Битола се именуваат:

— Војо Котевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

— Слободанка Елхофер, член на Извршниот совет на Собранието на општина Прилеп и

— Таири Џемаил, член на Советот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1057
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд, инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ, **Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Ката Лахтова**, с. р.

137.

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА КОЛЕГИЈАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА „СКОПЈЕ“ ВО СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Комисијата за изготвување предлог за избор на колегијален работоводен орган на ООЗТ Институт за радиотерапија и онкологија „Скопје“ во Скопје се именуваат:

— д-р Анте Крстевски, локар специјалист, вработен во Поликлиниката „Букурешт“ — Скопје и

— Тома Пулејков, судија на Врховниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1056
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд, инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ, **Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Ката Лахтова**, с. р.

138.

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО КОМИСИИТЕ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН ВО ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

За претставници на општествената заедница во комисиите за изготвување предлог за избор на декан се именуваат:

— на Земјоделскиот факултет во Скопје:

Томислав Давидовски, член на Извршниот совет на Собранието на општина Гази Баба — Скопје и

Митко Трендафилов, потпретседател на Задружниот сојуз на Македонија,

— на Математичкиот факултет во Скопје:

Митре Топузовски, член на Извршниот совет на Собранието на општина Карпош — Скопје и

Коста Талаганов, член на Извршниот одбор на Републичката заедница за научни дејности, вработен во Институтот за сеизмологија во Скопје,

— на Техничкиот факултет во Битола:

Кице Најдевски, член на Советот на Републиката и

инж. Василе Соколовски, потпретседател на Собранието на општина Прилеп.

— на Правниот факултет во Битола:

Павлина Василева, член на Извршниот совет и секретар на Секретаријатот за општествени дејности на општина Битола и

инж. Благоја Василевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1054
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд, инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ, **Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Ката Лахтова**, с. р.

139.

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ“ број 42/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГРАДНИ БОЛЕСТИ И ТУБЕРКУЛОЗА НА СР МАКЕДОНИЈА

За претставници на општествената заедница во Комисијата за изготвување предлог за избор на директор на Институтот за градни болести и туберкулоза на СРМ се именуваат:

— д-р Димитар Кикерков, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ и

— Милан Петровски, секретар на Градскиот одбор на СЗБ од НОВ на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1055
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд, инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ, **Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Ката Лахтова**, с. р.

140.

Врз основа на член 50 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ“ број 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

— д-р Никола Терзиев,
— Дестан Сулејмани,
— д-р Блажо Костовски,
— Бецет Керими,
— Коста Петров и
— Ратка Крстевска.

За претставници на општествената заедница во Советот на Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје се именуваат:

— д-р Никола Терзиев, член на Извршниот совет на Собранието на општина Струмица,

— Дестан Сулејмани, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

— д-р Блажо Костовски, член на Извршниот совет на Собранието на општина Кавадарци.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1053
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

141.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 21 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“ број 13/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИЧКА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Се потврдува Самоуправната спогодба за здружување во Републичка самоуправна интересна заедница за вработување, што ја донесоа заедниците за вработување во СР Македонија заедно со заинтересираните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и здруженија на граѓани што се од општ интерес за Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1117
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

142.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — Скопје („Службен весник на СРМ“ број 39/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО — СКОПЈЕ, НА ОДРЕДБИТЕ ШТО СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПОСЕБЕН ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС ВО ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА НА ЗАВОДОТ

Се дава согласност на Статутот на Работната организација Републички завод за унапредување на домаќинството — Скопје, на одредбите што се од значење за остварувањето посебен општествен интерес во вршењето на дејноста на Заводот, што го донесоа работниците на Работната организација Републички завод за унапредување на домаќинството — Скопје, со лично изјаснување на референдумот одржан на 8 февруари 1978 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1118
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

143.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — Скопје („Службен весник на СРМ“ број 39/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ТРУДОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО — СКОПЈЕ, НА ОДРЕДБИТЕ ШТО СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО ПОСЕБЕН ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС ВО ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА НА ЗАВОДОТ

Се дава согласност на Самоуправната спогодба за здружување на трудот на работниците во Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — Скопје, на одредбите што се од значење за остварувањето посебен општествен интерес во вршењето на дејноста на Заводот, што ја склучија работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — Скопје, на референдумот одржан на 8 февруари 1978 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1120
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. Слободан Арнаудов, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

144.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 21 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“ број 13/1978), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Се потврдува Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување што го донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување, на седницата одржана на 19 февруари 1979 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1116
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. Слободан Арнаудов, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

145.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ“ број 42/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВЕТЕРИНАРЕН ИНСТИТУТ „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ, ВО ДЕЛОТ СО КОЈ СЕ УРЕДУВА ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ЦЕЛИ, ДОНЕСУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА И ПОТВРДУВАЊЕТО НА ИЗБОРОТ ВО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ЗВАЊА

Се дава согласност на Статутот на Работната организација на здружениот труд Ветеринарен институт „Скопје“ — Скопје, во делот со кој се уредува одлучувањето за остварување на заедничките цели, донесувањето на програмите за развој на научно-истражувачката работа и потврдувањето на изборот во научни и стручни звања, што го донесоа работниците на Работната организација на здружениот труд Ветеринарен институт „Скопје“ — Скопје, на референдумот одржан на 24 ноември 1978 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1119
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

146.

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА 1979 ГОДИНА

I

Се одобрува Завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1979 година, што ја донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, на седницата одржана на 24. III. 1980 година, и тоа:

Вкупни средства на Фондот	1.033.783.621 дин.
Од тоа:	
а) кредити дадени од Фондот	993.304.721 дин.
б) неповратни средства, непосредни расходи и отписи на кредити	30.761.032 дин.
в) непотрошени средства на 31. XII 1979 година	9.717.868 дин.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1127
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

147.

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ" број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА 1980 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1980 година, што го донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, на седницата одржана на 24 март 1980 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1128
24 април 1980 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Слободан Арнаудов**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

148.

Врз основа на член 376, став 1 алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 12 и 9 од Законот за помилување Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 28. IV. 1980 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се прости на:

1. Абдираим Икмет Зејадиновски, од с. Пагаруша,
2. Азби Ферат Арслановски, од с. Бајрамовци,
3. Зоран Трајко Јанкуловски, од Скопје.

II

Изречената казна затвор во траење од 3 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудените во рок од 1 година не сторат ново кривично дело на:

1. Благој Димо Коцев, од Кавадарци,
2. Предраг Чедомир Митровиќ, од Кавадарци,
3. Радица Стојан Јанеска, од Скопје,
4. Момчило Драгољуб Крајчески, од с. Заград.

III

Изречената казна затвор во траење од 3 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Наќе Киро Тасев, од Скопје.

IV

Изречената казна затвор во траење од 4 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудените во рок од 1 година не сторат ново кривично дело на:

1. Фејза Акит Елез, од Тетово,
2. Велика Трендафил Петрова, од Гевгелија,
3. Ангелина Трајан Димовска, од Демир Хисар.

V

Изречената казна затвор во траење од 6 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Михаил Димитар Аврамчев, од Гевгелија.

VI

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор во траење од 6 месеци се замени со условна осуда со тоа што тој дел од казната нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Теки Јусуф Османи, од Тетово,
2. Енвер Имер Имери, од с. Подгорце.

VII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се замени со условна осуда со тоа што тој дел од казната нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1.Борка Ѓоре Ристески, од Прилеп.

VIII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се замени со условна осуда со тоа што тој дел од казната нема да се изврши ако осуденият во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Крсте Милан Стојчевски, од Градско.

IX

Изречената казна затвор во траење од 1 година се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Гоце Харалампие Ангеловски, од Титов Велес.

X

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 3 месеци на:

1. Борче Момир Димитриевски, од Тетово.

XI

Изречената казна затвор се намали за 6 месеци на:

1. Исак Рахман Какруки, од Скопје,
2. Бајрам Аки Идризалар, од Скопје.

XII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 6 месеци на:

1. Усеин Шабан Камуран, од Скопје,
2. Стојче Славко Игњатов, од Свети Николе,
3. Павле Трајко Пандев, од Струмица.

XIII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 9 месеци на:

1. Милорад Ангел Милошевиќ, од Скопје.

XIV

Изречената казна затвор се намали за 1 година на:

1. Незир Рецеп Фејзулов, од с. Горно Нерези,
2. Камил Ајвас Бакиовски, од с. Бузалково.

XV

Изречената казна затвор во траење од 7 години се намали за 1 година на:

1. Драган Ико Јанев, од Скопје.

XVI

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 1 година на:

1. Живко Панде Куртишов, од с. Бориово,
2. Трајко Тоде Ивановски, од с. Мацари,
3. Алим Рамиз Целадин, од Скопје,
4. Абази Баќи Зејадин, од с. Брест.

XVII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 2 години на:

1. Живко Станимир Костиќ, од с. Петровец,

XVIII

Изречената парична казна се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Благоја Борис Андонов, од Скопје.

XIX

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 08-296
28 април 1980 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Љупчо Арсов, с. р.

149.

Врз основа на член 7, став 1 од Законот за основање организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ" број 46/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

ОДЛУКА

ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИХОДОТ НА ЛОТАРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1980 ГОДИНА

1. Приходот што ќе го оствари Организацијата на здружениот труд за приредување игри на среќа — Лотаријата на Македонија во 1980 година, по одбивањето на износот за исплата на добивките и за финансирање на VIII медитерански игри, ќе се распределува во проценти на следниве корисници:

	Од редовна и вонредна лотарија	Од експрес лотарија	Од спортски прогноза	Од лото
а) Лотарија на Македонија — за редовна дејност	40,0	40,0	40,0	40,0
— за проширување на материјална основа на трудот	5,0	5,0	—	5,0
б) Заедница на Југословенска лотарија	1,3	—	1,3	1,3
в) Социјално-хуманитарни организации	53,7	55,0	—	26,8
г) Физичка култура и фудбалски сојуз на Југославија	—	—	58,7	26,8

2. Приходот од точка 1 под а) ќе го користи Лотаријата на Македонија за покривање на трошоците на работењето, личните доходи, законските и договорните обврски и фондовите на работната заедница, како и за проширување на материјалната основа на трудот и за отплата на ануитетите по користени кредити.

Приходот од точката 1 под б) ќе се користи за трошоците на работењето на Заедницата на Југословенската лотарија.

Приходот од точката 1 под в) е наменет за финансирање на социјално-хуманитарните дејности.

Приходот од точката 1 под г) ќе се користи, по одбивање на износот на фудбалскиот сојуз на Југославија во висина што одговара на 10% од планираниот промет на спортска прогноза, за изградба, опремување, инвестиционо и тековно одржување на објектите за физичка култура.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Број 23-779/1
10 април 1980 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

150.

Врз основа на член 7 од Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ", бр. 46/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ И ИЗНОСИТЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ЗА РАЗВИТОК НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1980 ГОДИНА

1. Делот од приходот на Организацијата на здружен труд за приредување игри на среќа — Лотарија на Македонија, наменет за финансирање на социјално-хуманитарните дејности и за развиток на физичката култура, се распределува:

	(во динари))	
а) За социјално-хуманитарните дејности		15.780.000
1) Сојуз на здруженијата на борците од НОБ на СРМ	1.480.000	
2) Црвен крст на Македонија		
— за редовна дејност	2.100.000	
— за продолжување изградба на работни простории на социјално-хуманитарните организации	6.000.000	
— за спроведување на активностите на Меѓународната година на детето „ОН-79“	50.000	
— за опремување на планинарската спасувачка служба	100.000	
3) Сојуз на друштвата за помош на ментално недоволно развиените лица на СРМ	1.000.000	
4) Сојуз на слепите на СРМ	1.000.000	
5) Сојуз на глувите и наглувите на СРМ	1.000.000	
6) Сојуз на трудовите инвалиди на Македонија	400.000	
7) Совет за грижи и воспитување на децата на СРМ	800.000	
8) Сојуз на спорт и рекреација на инвалидите на СРМ	300.000	
9) Народна техника на СРМ	200.000	
10) Сојуз на борба против алкохолизмот и наркоманијата на СРМ	300.000	
11) Здружение на дистрофичарите на СРМ	200.000	
12) Сојуз на цивилните инвалиди од војната	350.000	
13) Сојуз на друштвата на дефектолозите на СРМ	100.000	
14) Здружение на социјалните работници на СРМ	200.000	
15) Здружение на клубовите на лекувани алкохоличари на СРМ	100.000	
16) Друштво на дијабетичарите на СРМ	100.000	
б) За развиток на физичката култура		24.433.000
1) Сојуз на физичката култура на Македонија	2.433.300	
2) Самоуправни интересни заедници на физичката култура на општините	21.989.700	
в) За фудбалскиот сојуз на Југославија за користењето на календарот на натпреварувањето (10% од планираниот промет на спортската прогноза)		7.500.000

2. Средствата од точката 1 под б) Лотаријата на Македонија ќе ги уплатува: 10% на Сојузот на физичката култура на Македонија за изградба на деловна зграда и 90% на самоуправните интересни заедници за физичка култура во општините, сразмерно на учеството во остварената уплата на спортската прогноза, кои ќе се користат за изградба, опремување и за инвестиционо и тековно одржување на објектите за физичка култура.

3. Доколку Лотаријата на Македонија не го оствари финансискиот план за 1980 година во целина, на организациите од точката 1 на оваа одлука ќе им бидат сразмерно намалени средствата утврдени со одлуката за ист процент за кој е намалено остварувањето на финансискиот план.

4. Доколку Лотаријата на Македонија оствари приход поголем од износот утврден со финансискиот план за 1980 година, разликата на повеќе остварениот приход нема да се распределува на корисниците од точката 1 под а) туку ќе се издвои на посебна евидентна сметка кај Лотаријата на Македонија како нераспределен износ, кој ќе се распредели во наредната година за намените што ќе бидат дополнително определени, а за корисниците од точката 1 од б) разликата на повеќе остварениот приход ќе се распредели според нивното учество во распределбата на средствата определена со оваа одлука.

5. Остварениот и издвоениот приход на посебна евидентна сметка кај Лотаријата на Македонија, како нераспределен износ на средства од претходната 1979 година, Лотаријата на Македонија ќе го распредели и тоа: 50% за унапредување на својата материјална основа на труд и 50% на сметката на Црвениот крст на Македонија за довршување на градбата на работните простории на социјално-хуманитарните организации.

6. Лотаријата на Македонија е должна сразмерниот дел од приходот што ќе го остварува во текот на годината да им го уплатува на корисниците од оваа одлука најдоцна до 25-ти во месецот за изминатиот месец.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 23-780/1
10 април 1980 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

151.

Врз основа на член 3 став 4 од Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 23/75 и 27/77), републичкиот секретар за здравство и социјална политика донесува

НАРЕДБА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВОТ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК ВО 1980 ГОДИНА

1. Основот за одредување на боречкиот додаток во 1980 година се утврдува во износ од 6.480 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-01-2316
10 април 1980 година
Скопје

Републички секретар
за здравство и социјална
политика,
Петар Цундев, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

186.

Врз основа на член 135 став 1 точка 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 39/78) и член 188 точка 5 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 8/79), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА КОНЕЧНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ДРУГИТЕ ПАРИЧНИ ПРИМАЊА СПОРЕД ПОРАСТОТ НА ПРОСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ ВО 1979 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши усогласување на старосните, инвалидските и семејните пензии без заштитниот додаток, материјалното обезбедување и привремениот надоместок на инвалидите на трудот според порастот на просечните трошоци на животот во 1979 во однос на 1978 година за 2,9%.

Член 2

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука заедно со усогласувањето извршено според Одлуката за аконтативно усогласување на пензиите и другите парични примања со порастот на просечните трошоци на животот во 1979 година („Службен весник на СРМ“ бр. 36/79) претставува конечно усогласување на пензиите и другите парични примања во 1980 година со порастот на просечните трошоци на животот во 1979 во однос на 1978 година од 18,9%.

Член 3

Усогласувањето од член 2 на оваа одлука ќе се изврши на сите пензии определени од пензиската основа во која не е засметан личниот доход остварен во 1979 година, сразмерните делови на пензиите остварени по меѓународните конвенции за социјално осигурување до 31 декември 1978 година за осигуреници чие последно вработување било во странство, исклучително признаените пензии според член 29 и 47 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување до 30 јули 1979 година, како и материјалното обезбедување и привремениот надоместок на инвалидите на трудот кои подлежат на усогласување по член 121 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

На ова усогласување подлежат и привремените пензии определени според член 48 и 49 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со тоа што така зголемената пензија не може да биде повисока од граничниот износ на најниското пензиско примање во Републиката.

Член 4

На усогласувањето од член 2 на оваа одлука подлежат и пензиите на борците од НОВ од пред 9. 9 1943 година определени од гарантираната пензиска основа во смисла на член 38 став 4 односно член 42 став 2 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, ако тоа усогласување за корисникот е поповолно од усогласувањето според одредбите на член 42 став 2 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување со примена на просекот на чистиот личен доход на работниците остварен во Југославија за 1979 година зголемен за 6%.

Член 5

Како основица за определување износот на усогласувањето на пензиите и другите примања според член 2 од оваа одлука служи износот на пензијата, без заштитен додаток, односно износот на другите парични примања што на корисникот му следувале за месец декември 1979 година зголемени според Одлуката за усогласувањето на нивоата на пензиите остварени во одделни периоди на оние пензии на кои им припаѓа ова зголемување.

Во основицата за определување износот на усогласувањето по оваа одлука не влегува усогласувањето според Одлуката за вонредно усогласување на пензиите и другите примања според порастот на трошоците на животот во првото полугодие од 1979 година („Службен весник на СРМ“ бр. 30/79).

Член 6

На пензиите усогласени според одредбите на оваа одлука се определува нов износ на заштитниот додаток.

Член 7

Усогласувањето на пензиите и другите примања според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 8

Усогласувањето според оваа одлука припаѓа од 1 јануари 1980 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 01-1068/1
25 април 1980 година
Скопје

Претседател,
Лилјана Манева, с. р.

187.

Врз основа на члген 20 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 39/78), член 188 точка 5 и член 20 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 8/79), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1980 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА НАЈВИСОКАТА ПЕНЗИСКА ОСНОВА ОД КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИ ПЕНЗИЈА ВО 1980 ГОДИНА

Член 1

Највисоката пензиска основа од која може да се определи пензија во 1980 година се определува во износ на чистиот личен доход на функционерите на Собранието на СР Македонија остварен во 1979 година распоредени со Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила за утврдување и усогласување на личните доходи и другите примања на функционерите на Републиката и на делегатите во Собранието на СР Македонија во прва група.

Член 2

Износот од член 1 на оваа одлука служи за определување на пензиите што ќе се остварат во 1980 година.

Член 3

Според највисоката пензиска основа од член 1 на оваа одлука ќе се изврши, по барање на корисникот на пензија, повторно одредување на износот на пензијата остварена до 31 декември 1979 го-

дина доколку така определената пензија е потолема од порано определената пензија со сите усогласувања, сметајќи го и усогласувањето од 1 јануари 1980 година.

Новиот износ на така определената пензија припаѓа од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето и за 6 месеци наназад, а најрано од 1 јануари 1980 година, со тоа што на така определената пензија не припаѓа усогласувањето на пензиите од 1 јануари 1980 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 01-1067/1
25 април 1980 година
Скопје

Претседател,
Лилјана Манева, с. р.

188.

Врз основа на член 188 точка 5 и член 105 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 8/79), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИХОДИТЕ НА КОРИСНИКОТ НА ПЕНЗИЈА И ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО ДОМАЌИНСТВО ОД КОИ ЗАВИСИ ПРАВОТО НА ЗАШТИТЕН ДОДАТОК НА ПЕНЗИЈАТА

I

Во Одлуката за висината на приходите на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство од кои зависи правото на заштитен додаток на пензијата („Службен весник на СРМ" бр. 5/76, 16/77, 15/78 и 14/79) во член 1 се вршат следниве измени:

— во став 2 точка 1 бројката „940" се заменува со бројката „1121",

— во став 2 точка 3 бројката „375" се заменува со бројката „447".

II

Во член 2 на истата одлука бројката „35" се заменува со бројката „42", а бројката „940" се заменува со бројката „1121".

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 01-1066/1
25 април 1980 година
Скопје

Претседател,
Лилјана Манева, с. р.

189.

Врз основа на член 80 и 188 став 1 точка 5 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 8/79), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗНОСОТ НА ПАУШАЛНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ВРЕМЕ ДОДЕКА СЕ ВРШИ ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува износот на паушалниот надоместок кој се исплатува на инвалидот на трудот односно на детето — инвалид на осигуреник за времето додека се врши професионалната рехабилитација надвор од постојаното место на живеење, кога не е обезбедено бесплатно сместување и исхрана за време на рехабилитацијата и кога вршењето на рехабилитацијата не може да се обезбеди со постојан превоз од местото на живеењето до местото каде што се врши рехабилитацијата.

Член 2

Паушалниот надоместок од член 1 на оваа одлука изнесува 1.666,00 динари месечно.

Член 3

На инвалидот на трудот односно детето — инвалид на осигуреник кој живее надвор од местото каде што се врши рехабилитацијата а користи превоз, покрај трошоците за превоз му припаѓа и дел од паушалниот надоместок во висина од 25% од износот утврден во член 2 на оваа одлука и изнесува 416,50 динари месечно.

Член 4

На инвалидот на трудот односно детето — инвалид на осигуреник не му припаѓа паушален надоместок за неоправданите отсуствувања од рехабилитацијата како и за времето поминато на годишен одмор или стационарно лекување.

Член 5

Собранието на Заедницата секоја календарска година ќе го утврдува износот на паушалниот надоместок во согласност со порастот на просечните трошоци на животот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 01-1065/1
25 април 1980 година
Скопје

Претседател,
Лилјана Манева, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — ДЕБАР

190.

Врз основа на член 14 и 20 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 23 став 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Дебар, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 28 март 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ НА КУЛТУРАТА — ДЕБАР

I

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите и тоа: придонес од доходот на основните организации на здружен труд, придонес од личен доход од работен однос, придонес од личен доход од земјоделска дејност, придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, од кои извори се обезбедуваат средства на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Дебар.

II

Стапките на придонесите кои се донесуваат изнесуваат:

1. придонес од личен доход на основните организации на здружен труд 0,50%;

2. придонес од личен доход од работен однос 0,50%;

3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, 0,15%:

4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, 2,00%;

5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, 2,00%.

III

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 05-47/1
5 април 1980 година
Дебар

Претседател,
д-р **Лулзим Мела**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ — КРАТОВО

191.

Врз основа на член 13 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ", бр. 9/78) и член 16 став 1 точка 3 од Статутот на ОСИЗ за образование — Кратово, Собранието на ОСИЗ за образование — Кратово, на седницата одржана на 9 април 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Се продолжува важноста на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите за образование за 1979 година, бр. 35/2 од 13. II. 1979 година, објавена во „Службен весник на СРМ", бр. 13/79, и во 1980 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", „Службен гласник на општината Кратово", а ќе се применува при наплатата на придонесот за образование за 1980 година.

Бр. 26/1
10 април 1980 година
Кратово

Претседател,
Злате Стоилевски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — КРИВА ПАЛАНКА

192.

Врз основа на член 34 од Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), член 6 став 3 од Самоуправната спогодба за здружување на средствата во Републичката СИЗ на физичката култура и член 21 точка 3 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Крива Паланка, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Крива Паланка, на седницата одржана на 28 јануари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА И ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1980 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружен труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Општинската СИЗ на физичката култура и за здружување средства во Републичката СИЗ на физичката култура.

Член 2

Во 1980 година, се утврдуваат стапки на придонеси и тоа:

1. 0,24% — придонес од доходот на основните организации на здружен труд;

2. 0,25% — придонес од личен доход од работен однос;

3. 0,04% — придонес од личен доход од земјоделска дејност;

4. 1% — придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност;

5. 1% — придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност.

Член 3

Од основот утврден во член 1 од оваа одлука Општинската СИЗ на физичката кутура — Крива Паланка здружува средства во Републичката СИЗ на физичката култура со издвојување на:

— 0,04% од доходот на основните организации на здружен труд во општината и

— 0,05% од личен доход од работен однос од нестопанството.

Вкупниот износ на средствата што Општинската СИЗ на физичката култура — Крива Паланка ги здружува во Републичката СИЗ на физичката култура и месечниот износ на средствата ќе се утврдат со посебен договор.

Член 4

Пресметувањето и уплатата на здружените средства ќе ги врши Службата на општественото книговодство.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Крива Паланка", а ќе се применува од 1 април 1980 година.

Бр. 05-10/1
28 јануари 1980 година
Крива Паланка

Претседател,
Бранислав Илиевски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КРИВА ПАЛАНКА

193.

Врз основа на член 21 став 1 алинеја 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита — Крива Паланка, на седницата одржана на 17 јануари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КРИВА ПАЛАНКА ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Крива Паланка што ќе се пресметуваат и наплатуваат од придонесот на доходот, личниот доход, земјоделската дејност и занаетчиската дејност.

Член 2

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ на социјална заштита — Крива Паланка ќе изнесуваат:

1. придонес од доходот на основните организации на здружен труд, 0,38%;
2. придонес од личен доход од работен однос, 0,30%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, 0,30%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност 1%;
5. придонес од личен доход од нестопанска дејност, 1%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 01-30
21 јануари 1980 година
Крива Паланка

Претседател,
Марија Митевска, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

194.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на седницата одржана на 21. II. 1980 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ПРИВРЕМЕНО ВОН РАБОТЕН ОДНОС ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите на здравственото осигурување на осигурениците привремено вон работен однос за 1980 година.

Член 2

За лицата кои привремено ќе останат вон работен однос и кои во одредениот рок утврден според Законот за материјално обезбедување на привремено безработните ќе се пријават во Заедницата за вработување врз основа на што ќе имаат право на материјално обезбедување и здравствена заштита, придонесот за здравствено осигурување ќе се плаќа — по стапка од 8,50% на основица нето износ што служи за материјално обезбедување.

Член 3

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува износот исплатен на име паричен надоместок на привремено безработните лица во време за кое се пресметува и исплатува придонесот за здравствено осигурување.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1980 година.

Бр. 0201-174/12
21 февруари 1980 година
Кавадарци

Претседател,
Петре Шулевски, с. р.

195.

Врз основа на член 101 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на сите собори, одржана на 21 февруари 1980 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО (ДЕТАШИРАНИ РАБОТНИЦИ) ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во висина од 20% на основица нето личен доход.

Посебниот придонес се пресметува одделно за секој осигуреник.

Посебниот придонес се плаќа во валута во која се прима личниот доход.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1. I. 1980 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0201-174/13
21 февруари 1980 година
Кавадарци

Претседател,
Петре Шулевски, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

123. Закон за наградата „25 Мај“ — — — 321
124. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Сложената организација на здружениот труд Музеи на Македонија — — — — — — — — — — 322
125. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за нервни и душевни болести во Бардовци — — — 322
126. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Археолошкиот музеј на Македонија — — — — — — — — 322
127. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Етнолошкиот музеј на Македонија — — — — — — — — — 323
128. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Природнонаучниот музеј на Македонија — — — — — — — — 323
129. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Историскиот музеј на Македонија — — — — — — — — 323
130. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Техничкиот факултет во Битола — — — — — — — — — — 324

131. Одлука за именување претставник и негов заменик во Советот за Енциклопедијата на Југославија — — — — — — 324
132. Одлука за разрешување и именување претседател и член на Одборот за доделување на наградата „Мито Хаџисилев-Јасмин“ — — — — — — — — 324
133. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на Шумарскиот факултет во Скопје — — — — — — — — — 325
134. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за лозарство и винарство во Скопје — — — — — — — 325
135. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје — — — — — — — — 325
136. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Правниот факултет во Битола — — — — — — — — — 325
137. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Комисијата за изготвување предлог за избор на колегијален работоводен орган на ООЗТ Институт за радиотерапија и онкологија „Скопје“ во Скопје — — — — — — 326
138. Одлука за именување претставници на Општествената заедница во комисиите за изготвување предлог за избор на декан во високообразовните организации — 326
139. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Комисијата за изготвување предлог за избор на директор на Институтот за градни болести и туберкулоза на СР Македонија — — 326
140. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје — — — 327
141. Одлука за потврдување на Самоуправната спогодба за здружување во Републичка самоуправна интересна заедница за вработување — — — — — — — 327
142. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација Републички завод за унапредување на домаќинството — Скопје, на одредбите што се од значење за остварување посебен општествен интерес во вршењето на дејноста на Заводот — — — — — — 327
143. Одлука за давање согласност на Самоуправната спогодба за здружување на трудот на работниците во Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — Скопје на одредбите што се од значење за остварувањето посебен општествен интерес во вршењето на дејноста на Заводот — — — — — — 328
144. Одлука за потврдување на Статутот на на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување — — — — 328
145. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација на здружениот труд Ветеринарен институт „Скопје“ — Скопје, во делот со кој се уредува одлучувањето за остварување на заедничките цели, донесувањето на програмите за развој на научно-истражувачката работа и потврдувањето на изборот во научни и стручни звања — 328
146. Одлука за одобрување на Завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1979 година — — — — — — — — 328
147. Одлука за давање согласност на финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1980 година — — — — — — — 329
148. Одлука за помилување на осудени лица 329
149. Одлука за распределба на приходот на Лотаријата на Македонија за 1980 година — — — — — — — — — 330
150. Одлука за определување на корисниците и износите на средствата за финансирање на целите на социјално-хуманитарните дејности и за развиток на физичката култура во 1980 година — — 330
151. Наредба за утврдување на основот за одредување на боречкиот додаток за 1980 година — — — — — — — — 331

Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

186. Одлука за конечно усогласување на пензиите и другите парични примања според порастот на просечните трошоци на животот во 1979 година — — — — 332
187. Одлука за највисоката пензиска основа од која може да се определи пензија во 1980 година — — — — — — — 332
188. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за висината на приходите на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство од кои зависи правото на заштитен додаток на пензијата — 333
189. Одлука за износот на паушалниот надоместок за време додека се врши професионална рехабилитација — — — 333

ДЕБАР

190. Одлука за утврдување стапките на придонесите на ОСИЗ на културата — Дебар — — — — — — — — — — 333

КРАТОВО

191. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите за основно образование за 1980 година — — — — 334

КРИВА ПАЛАНКА

192. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската СИЗ на физичката култура и за здружување на средства во Републичката СИЗ на физичката култура во 1980 година — — — 334
193. Одлука за утврдување стапката на придонесот на ОСИЗ за социјална заштита — Крива Паланка за 1980 година — — 334

КАВАДАРЦИ

194. Одлука за утврдување стапката на придонесите за здравственото осигурување на осигурениците привремено вон работен однос за 1980 година — — — — 335
195. Одлука за висината на стапката на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство (деташирани работници) за 1980 година — — — 335

Издавач: Работна организација Службен весник на на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје